# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 9 год.22** |



**Општина Чучер - Сандево, Октомври 2019 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Вторник** | **Бр. 9** |
| **по потреба** | **01 октомври 2019 година** | **Год. 22** |


# 47.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за основање на Јавна општинска установа за деца-детска градинак "МИЛО МОЕ" во Чучер Сандево, Општина Чучер-Сандево,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **23-та** седница, одржана на **30 септември 2019** година.

**Бр.09-1131/1**
**30.09.2019 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02"), член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чучер Сандево (Службен гласник на општина Чучер Сандево бр. 05/2019) а во врска со член 99 став 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19), Советот на Општина Чучер Сандево на **23-та** седницата одржана на ден **30.09.2019** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за основање на Јавна општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавна општинска установа за деца - детска градинка „МИЛО МОЕ" во Чучер, Сандево Општина Чучер Сандево со седиште во Чучер Сандево.

**Член 2**

За функционирањето на Јавна општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево, ќе се обезбедат финансиски средства од страна на Министерство за труд и социјална политика.

**Член 3**

Називот на Јавна општинска установа за деца - детска градинка ќе гласи: "МИЛО МОЕ ".

**Член 4**

Дејноста на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ" во Чучер Сандево Општина Чучер Сандево е: згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето, и за поттикнување на интелктуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на дете до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

*Шифра на дејност*

Согласно националната класификација на дејности јавната општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ " во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево, ќе ја врши претежна дејност 88.91 утврдена во НКД како Дејност на дневна социјална заштита на деца.

**Член 5**

Дејноста на Јавната општинска установа за деца - детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево, ќе ја остварува согласно Програмата за рано учење и развој (''Службен весник на РМ " бр.46/14)

**Член 6**

Детската градинка според времетраењето ќе остварува програми за целодневен престој.

**Член 7**

Детската градинка ќе располага со капацитет за згрижување на 110 деца, кои ќе бидат опфатени во 5 групи.

**Член 8**

За реализација на Програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ" бр. 28/14, 40/14, 136/14, 71/15, 170/16 и 151/18).

**Член 9**

Меѓусебните права и обврски помеѓу детската градинка „МИЛО МОЕ„ од една страна и Општина Чучер Сандево , ќе бидат уредени со посебен договор кој ќе го склучат директорот на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„ и Општината Чучер Сандево.

**Член 10**

Општина Чучер Сандево ќе обезбедува средства за работење на „МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево од буџетот на Министерство за труд и социјална политика согласно членот 2 од оваа Одлука.

**Член 11**

Општина Чучер Сандево како основач на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел за добивање на мислење за исполнети услови за основање и за отпочнување со работа на детската градинка, од Министерството за труд и социјална политика.

**Член 12**

Директорот на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ “ во Чучер Сандево Општина Чучер Сандево се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на детската градинка „МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општината Чучер Сандево”

**Бр.08-1093/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**30.09.2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**стр**

**47.** **Одлука за основање на Јавна општинска установа за деца-детска градинак “МИЛО МОЕ“ во Чучер Сандево, Општина Чучер-Сандево........................................................................ 1**